Република Македонија
**Министерство за финансии**

ДО ______________________________

______________________________

Бр. 08-3753/1
Скопје 23-06-2016 2016 година
Влада на Република Македонија
Министерство за финансии
Сектор за Буџет и фондови
Даме Груев 12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255 520
Факс:++ 389 2 3117 280
Е-пошта: tose.panovski@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Доставување на Буџетски циркулар за 2017 година

Почитувани,

Министерството за финансии до буџетските корисници на централната власт и фондовите доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар заради доставување на барање за изготвување на Предлог буџетот. Врз основа на доставените пополнети обрасци од буџетските корисници, Министерството за финансии ќе пристапи кон подготовка на Предлог Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

При подготовка на буџетските барања, буџетските корисници треба да ги почитуваат начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства и определбата на Владата на Република Македонија за спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци.

Како и во претходните години, доставата на буџетското барање за 2017 година ќе се врши задолжително преку WEB-апликација, објавена на web страната на Министерството за финансии, со директно (on-line) пополнување на обрасците. Буџетскиот циркулар, заедно со Насоките за подготовка на Буџетот за 2017 година ќе бидат објавени на web страната на Министерството за финансии (www.finance.gov.mk). Буџетските корисници кои немаат корисничко име и лозинка (password) за користење на апликацијата, за да можат да го пополнат циркуларот потребно е да се обратат писмено до Секторот за информатика при Министерството за финансии, со пополнување на доставениот Образец даден во Прилог 2.

**Вашето Предлог буџетско барање потребно е да биде изготвено во рамки на максималните износи на расходи, утврдени за 10% помалку од одобрените средства со Буџетот на Република Македонија за 2016 година.**

Предлогот на буџетското барање изготвено во рамките на максимално

[redacted]

утврдените износи на расходи, заедно со стратешкиот план и соодветно текстуално и аргументирано образложение за висината на бараните средства, потребно е да го доставите до Министерството за финансии-Сектор за буџет и фондови **<u>најдоцна до 12 август 2016 година.</u>** Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за Буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр.171/12) стратешкиот план кој е составен дел на буџетското барање треба да содржи квантифицирани програми, активности, цели и приоритети, усогласени со буџетското барање.

За буџетските корисници на централната власт и фондовите кои буџетското барање нема да го доставаат во наведениот рок или пак доставаат некомплетно буџетско барање кое не содржи квантифициран стратешки план, Министерството за финансии во нивно име ќе изготви предлог на буџет.

По приемот на пополнетите обрасци, дополнително ќе бидете известени за усогласувањето на Вашето предлог буџетско барање за 2017 година.

Со почит,

м-р Кирил Миноски
Министер за финансии

Изготвил: Тоше Пановски
Проверил: Маја Аргировска
Согласен:Вера Проковиќ
Одобрил: Елена Трпковска

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# НАСОКИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКАТА ПРЕСМЕТКА ЗА 2017 ГОДИНА

Скопје, јуни 2016 година

## ВОВЕД

Министерството за финансии до буџетските корисници на централната власт и фондовите доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар заради доставување на барање за изготвување на Предлог буџетот (во натамошниот текст Циркулар). Во циркуларот се содржани насоките за подготвување на предлог буџетските барања и упатствата за едноставно и правилно пополнување на обрасците. Врз основа на доставените пополнети обрасци од буџетските корисници, Министерството за финансии ќе пристапи кон подготовка на Предлог Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

При подготовка на буџетските барања, буџетските корисници треба да ги почитуваат начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства и определбата на Владата на Република Македонија за спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци.

**Раководителите на буџетските корисници се обврзани предлогот на буџетско барање да го достават до Министерството за финансии најдоцна до 12 август 2016 година. За буџетските корисници кои не доставиле буџетско барање во предвидениот рок, Министерството за финансии во нивно име ќе изготви предлог на буџет. Кон буџетското барање задолжително треба да се приложи квантифициран стратешки план и текстуално аргументирано образложение за висината на бараните средства.**

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија претставуваат збир на цели и иницијативи кои буџетските корисници на централната власт и фондовите задолжително ги вклучуваат во своите буџети преку владини програми и потпрограми.

Буџетските корисници изготвуваат тригодишен стратешки план во кои се содржани програмите и активностите за остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, како и целите и приоритетите на буџетскиот корисник за истиот период. Стратешките планови на буџетските корисници треба да содржат квантифицирани програми, активности, цели и приоритети на буџетските корисници за тригодишниот период конзистентни со предлог буџетското барање. Стратешките планови на буџетските корисници се составен дел од буџетското барање на буџетскиот корисник кое се доставува до Министерството за финансии.

Доколку буџетските корисници не изготват и не достават квантифицирани стратешките планови усогласени со предлог буџетското барање ќе се смета дека буџетското барање на буџетскиот корисник не е комплетно и истото со укажување ќе се врати на доработка на буџетскиот корисник во рок утврден од Министерството за финансии.

Ако буџетските корисници не постапат по укажувањата на Министерството за финансии ќе се смета како воопшто да не доставиле буџетско барање и Министерството за финансии во нивно име изготвува предлог на буџет.

При подготовка на буџетското барање, буџетските корисници се упатуваат да обезбедат континуитет во остварувањето на стратешките приоритети на Владата, доколку активностите кои што тие ги реализираат сеуште се во функција на остварување на истите. Средствата наменети за остварување на стратешките приоритети, буџетските корисници се должни да ги обезбедат во рамките на максимално утврдените износи на расходи за 2017 година.

Владата на Република Македонија останува на утврдениот курс за остварување на стратешките приоритети на Република Македонија:

- Зголемување на економскиот раст и вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот
- Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО
- Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото
- Одржување на добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и спроведување на Охридскиот рамковен договор
- Инвестирање во образование, иновации и информатичка технологија, како клучни елементи за креирање на општество базирано на знаење

## МАКСИМАЛНИ ИЗНОСИ НА РАСХОДИ

Макроекономската политика е насочена кон задржување на макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението, преку унапредување на деловното окружување, водење на даночна и царинска политика во функција на поддршка на развојот на економските субјекти, поттикнување на инвестициската активност и привлекување на странски директни инвестиции, развој на човечкиот капитал и економската инфраструктура на земјата.

Целите на фискалната политика насочени кон фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии ќе се реализираат преку натамошна строга контрола на јавните финансии, континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи и значително учество на капиталните инвестиции во вкупните расходи. На ваков начин ќе се осигура улогата на фискалната политика за одржување на макроекономската стабилност и поттикнување на економскиот

раст како основни услови за зголемување на вработеноста и унапредување на животниот стандард.

Расходната страна на Буџетот на Република Македонија е планирана во функција на поддршка на растот на македонската економија преку инвестирање во значајни инфраструктурни проекти, одржување на социјалната сигурност и стабилност, како и подобрување на економската положба и животниот стандард на населението. Исто така, ќе се продолжи со определбата за спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци, без да се наруши нормалното функционирање на буџетските институции.

**Предлог буџетското барање потребно е да биде изготвено во рамки на максималните износи на расходи, утврдени за 10% помалку од одобрените средства со Буџетот на Република Македонија за 2016 година. Доколку одредени проекти буџетските корисници ги завршиле во тековната година, средствата кои биле одобрени за нивна реализација во тековниот буџет не треба да се вклучат во рамки на максималните износи на расходи за 2017 година, односно буџетското барање за 2017 година треба да биде помало за износот на овие средства.**

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ- БУЏЕТСКАТА ПРЕСМЕТКА ЗА 2016 ГОДИНА

Во Буџетскиот циркулар за подготовка на Предлог буџетската пресметка за 2017 година приложени се сет на обрасци, кои буџетските корисници е неопходно да ги пополнат. Доставата на буџетскиот циркулар за 2017 година ќе се врши задолжително преку WEB-апликација, објавена на web страната на Министерството за финансии, со директно (on-line) пополнување на обрасците.

Буџетскиот циркулар, заедно со Насоките за подготовка на Буџетот за 2017 година се објавени на web страната на Министерството за финансии (www.finance.gov.mk). Лозинка за користење на апликацијата и корисничко име се исти како и од претходната година. Оние буџетски корисници кои немаат корисничко име и лозинка за користење на апликацијата, за да можат да го пополнат циркуларот потребно е да се обратат писмено до Секторот за информатика при Министерството за финансии, со пополнување на доставениот Образец даден во Прилог 2. На web страната ќе бидат содржани и подетални информации за користење на самата апликација.

Обрасци содржани во Буџетскиот циркулар:

- А1-Податоци за буџетските корисници;
- А2-Детални информации за буџетските програми кај буџетските корисници;

- А3-Детални информации за владините програми кај буџетските корисници;
- Б1-Проекција на приходи и расходи за 2017 година;
- Б2-Проекција на приходи и расходи за 2018 година;
- Б3-Проекција на приходи и расходи за 2019 година;
- В 1- План на програми за развој
- В 2- План на програми за развој - ИПА
- Г1-Распределба на наменските и блок дотации по општини.
- Д1- Систематизирани и пополнети работни места
- Е1- Индикативен план за јавни набавки

**НАПОМЕНА: Планираните средства во обрасците треба да се прикажат во полн износ што ќе завршува на три нули.**

***Обрасци А (А1, А2 и А3) Обрасци за општи податоци за буџетските корисници и* детални информации за буџетските и владините програми**

**Образец А1** Во овој образец буџетските корисници даваат општи податоци со краток опис на надлежностите, постигнатите резултати во претходната година и очекуваните резултати во наредната година. Буџетските корисници треба да ги презентираат главните цели и приоритети согласно стратешкиот план.

**Образец А2** Буџетските програми претставуваат главна активност или група на активности кои се извршуваат согласно обврските утврдени со закон и друга правна регулатива. Сите активности на еден буџетски корисник кои не се идентификувани како владини програми, треба да се прикажат преку буџетски програми.

Во овој образец треба да се наведат и опишат буџетските програми и да се дефинираат индикаторите на остварување врз основа на кои ќе се вреднуваат остварените резултати во 2017 година.

**Образец А3** Владините програми претставуваат збир на активности преку кои се презентираат приоритетите на Владата, кои буџетските корисници ги операционализираат согласно своите надлежности.

Министерството за финансии во **Прилог 1** дава предлог на владини програми кои буџетските корисници можат да го менуваат и дополнуваат.

Со овој образец се прибираат следните податоци:

<u>Опис на владина програма</u>-буџетскиот корисник треба да даде јасно образложение за секоја владина програма, начинот на реализација, изворите на средства од кои ќе биде финансирана и сл.

<u>Поддршка на стратешките владини приоритети утврдени за 2017 година</u> - да се означи со "Х" приоритетот кој е поддржан со активноста на буџетскиот

корисник. Доколку активноста поддржува повеќе приоритети, во тој случај потребно е да се означат истите.

Придонес во насока на реализација на владините приоритети и другите очекувани влијанија-во овој дел, буџетските корисници треба да дадат образложение како владината програма ќе придонесе за реализација на стратешките владини приоритети поодделно, дали предложената активност ќе има позитивно или негативно влијание врз економијата, вработувањето, животната средина. За поедноставно пополнување на овој дел, буџетските корисници треба да образложат со кои стратешки владини приоритети е поврзана владината програма, кои се целите на владината програма и за кој временски период се очекуваат конкретни резултати.

Во овој образец треба да се наведат и постигнатите резултати во претходната година.

***Обрасци Б (Б1, Б2 и Б3) Обрасци за проекции на приходи и расходи за 2016, 2017 и 2018 година***

***Образец Б1 - Проекции на приходи и расходи за 2017 година***

Во овој образец се внесуваат планираните приходи и расходи за Предлог Буџетот на Република Македонија за 2017 година по видови сметки (637, 631, 787, 788, 785, 786) и за сите видови на потпрограми (владини, буџетски и развојни). Приходите се прикажуваат на ниво на приходни потставки, а расходите на ниво на расходни ставки.

***Образец Б2 - Проекции на приходи и расходи за 2018 година***

Во овој образец се внесуваат планираните приходи и расходи за Предлог Буџетот на Република Македонија за 2018 година по видови сметки (637, 631, 787, 788, 785, 786) и за сите видови на потпрограми (владини, буџетски и развојни). Приходите се прикажуваат на ниво на приходни потставки, а расходите на ниво на расходни ставки.

***Образец Б3 - Проекции на приходи и расходи за 2019 година***

Во овој образец се внесуваат планираните приходи и расходи за Предлог Буџетот на Република Македонија за 2019 година по видови сметки (637, 631, 787, 788, 785, 786) и за сите видови на потпрограми (владини, буџетски и развојни). Приходите се прикажуваат на ниво на приходни потставки, а расходите на ниво на расходни ставки.

***НАПОМЕНА***
***Средствата прикажани преку развојни потпрограми во Обрасците Б1, Б2 и Б3, треба да бидат планирани во ист износ и во Обрасците В1 и В2.***

***Образец В (В1 и В2) - План на програми за развој, План на програми за развој-ИПА***

Образецот В-План на програми за развој е наменет за прикажување на планираните средства во програмите и потпрограмите во развојниот дел на Буџетот на Република Македонија.

Преку развојните потпрограми се прикажуваат средствата за повеќегодишни проекти, кои се наменети за развој на нови технологии, подобрување на инфраструктурата, телекомуникационите системи, изградба и реновирање на згради, патишта, набавка на софтверски решенија и сл.

***Образец В1 - План на програми за развој***

Во овој образец се презентираат податоци за проектите кои ќе бидат претставени преку развојните потпрограми кои не се поврзани со користење на средства од инструментот за претпристапна помош ИПА (Податоците за ИПА проектите се внесуваат во образецот В2).

Развојната потпрограма треба да биде детално образложена, односно треба да ги содржи целите кои ќе се постигнат со нејзина реализација, планираните активности за наредните години и резултатите од имплементација на истите. Исто така треба да се идентификуваат и ризик факторите кои би можеле да се појават во текот на имплементацијата на развојната потпрограма кои би довеле до нарушување на планираните активности и очекуваните ефекти. Доколку за имплементација на конкретен проект прикажан преку развојна потпрограма треба да се изготви студија, потребно е да се наведе името на студијата и да се означи нивото на студија (идеен проект, главен проект, предфизибилити студија, физибилити студија и др).

За секоја развојна потпрограма буџетските корисници имаат обврска да дефинираат мерливи индикатори преку кои ќе се вреднуваат остварените резултати од реализација на активностите предвидени со развојните потпрограми.

За проектите прикажани преку развојна потпрограма потребно е да се пополни табеларниот приказ-Финансиска конструкција, односно детално да се прикаже финансирањето на проектот по години и по извори на финансирање. Доколку се финансира проектот со донации и заеми, потребно е да се наведат донаторите и кредиторите поодделно. Доколку склучените договори за донација или заем предвидуваат обезбедување на буџетско учество и ДДВ, неговиот износ треба да се наведе во извори на финансирање- буџет.

Предлогот на планот на програмите за развој треба да е усогласен со стратешкиот план на корисниците и да е поддржан со комплетна проектна и техничка документација.

***Образец В2 - План на програми за развој - ИПА***

Доколку во развојната потпрограма се опфатени средствата од фондовите на ЕУ – ИПА, буџетскиот корисник треба да го пополни образецот В2.

Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ има можност да користи финансиска поддршка од Европската Унија преку Инструментот за претпристапна помош - ИПА.

Република Македонија за периодот 2007- 2013 година преку петте компоненти од ИПА ќе може да користи средства во износ од околу 38,4 милијарди денари, и дополнителни 40,8 милијарди денари од финансиската перспектива на ЕУ за периодот 2014-2020.

Како предуслов за децентрализираното спроведување на проектите е добивањето на акредитација од страна на Европската комисија. Европската комисија ги акредитираше соодветните национални структури, кои се одговорни за спроведување на Програмите со донесување на Одлуки за пренос на надлежностите за децентрализирано управување.

За сите проекти кои ќе се финансираат од ИПА во рамките на Буџетот на Република Македонија ќе се обезбедат средства за национално ко-финансирање, ДДВ и други трошоци (експропријација на земјиште кај инфраструктурните проекти, кои предвидуваат градежни работи, царина и сл).

Согласно Законот за буџетите потпрограмите преку кои се прикажани средствата од фондовите на ЕУ (ИПА) и националното кофинансирање се составен дел од планот на програмите за развој на буџетските корисници. Буџетските корисници треба да го наведат името на проектот кој ќе биде финансиран со средствата од фондовите на ЕУ, Приоритетната оска/Мерка од Оперативната програма од која произлегува проектот и целите кои треба да се постигнат.

Буџетскиот корисник треба да даде краток опис на активностите кои ќе се реализираат во рамките на проектот, како и резултатите/ефектите кои ќе се постигнат со реализацијата на истиот.

Во полето кое се однесува на ризици и претпоставки треба да се наведат факторите кои може да ја загрозат реализацијата на проектот.

Во полето кое се однесува на типови на договори планирани во рамките на проектот, потребно е да се наведе преку колку типа на договори ќе се реализира проектот, односно дали станува збор за: градежни работи (works), набавка на стоки (supplies), услуги (services), грант (grants) и твининг (twinning).

Во полето кое се однесува на вкупната вредност на проектот треба да се прикаже вкупната вредност на проектот (во денари и во евра), а доколку проектот се реализира преку повеќе видови на договори, дополнително треба да се наведе и сумата на секој поединечен договор (во денари и евра).

За секој тип на договор во рамките на проектот буџетскиот корисник ги пополнува податоците кои се однесуваат на датата на отпочнување на тендерската постапка, датата на склучување на договорот, датата на започнување со имплементација, датата на завршување на договорот, табелата за финансиска конструкција на договорот, индикатори на остварување и приказот на средствата по расходни ставки и приходни потставки.

Табелата за финансиската конструкција на договорот треба да содржи податоци за:

- Националното кофинансирање-во ова поле треба да се внесат само податоците за трошоци кои се оправдани за финансирање од ИПА (eligible costs);
- ДДВ – во ова поле треба да се внесат податоците за ДДВ кои не влегуваат во вкупниот износ на договорот;
- Други трошоци – во ова поле треба да се внесат сите останати трошоци кои не се оправдани за финансирање од ИПА (non-eligible costs) и кои не влегуваат во вкупниот износ на договорот (на пример трошоци за експропријација, купување на земјиште, итн.).

Средствата кои ќе бидат обезбедени преку ИПА треба да бидат прикажани во полињата за донации, при што треба да се назначи дека изворот на финансирање е ИПА.

Во полето кое се однесува на индикаторите, потребно е да се дефинираат индикатори преку кои ќе се следи реализацијата на секој договор поединечно. Индикаторите треба да содржат квалитативни и квантитативни податоци и треба да се во согласност со оние кои се наведени во проектното фише/Оперативната програма (приоритетна оска/ мерка).

***НАПОМЕНА:***
***Средствата прикажани преку развојни потпрограми во Обрасците В1 и В2, треба да бидат планирани во ист износ и во Обрасците Б1, Б2 и Б3. Образецот В2 треба да биде пополнет од страна на ИПА координаторот/Виш програмски службеник од Одделението за ИПА***

***Образец Г1 - Распределба на наменските и блок дотации по општини***

Во Образецот Г1 буџетските корисници кои што пренесуваат надлежности на општините потребно е вкупниот износ на наменските и блок дотациите за пренесените надлежности да го прикажат по општини.

Напоменуваме дека средствата наменети за пренесените и делегираните надлежности кои се трансферираат на локално ниво се вклучени во рамките на максималните утврдени износи на расходи.

**Образец Д1 – Систематизирани и пополнети работни места**

Во овој образец се внесуваат податоци за работните места предвидени во актот за систематизација, бројот на систематизираните работни места, бројот на пополнетите работни места, планираниот број на пензионирања во тековната година за секое работно место и месецот на пензионирање.

**Образец Е1 – Индикативен план за јавни набавки**

Во овој образец се внесуваат податоци за описот/видот на јавната набавка, проценетата вредност на договорот/проектот, по години, како и потпрограмата, сметката и расходната ставка од која ќе бидат обезбедени средствата. Доколку одреден проект се реализира во тек на повеќе години, потребно е да се наведат износите за секоја година поодделно, додека за јавните набавки кои се планираат

за реализација на годишно ниво, потребно е да се прикажат износите само за 2017 година.

При пополнување на овој образец буџетските корисници треба да имаат во предвид дека максималните износи на расходи за 2017 година ќе бидат на нивото на Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2016 година.

***Финансирање на пренесените и делегираните надлежности на единиците на локалната самоуправа***

Со буџетскиот циркулар се прибираат податоци за потребното финансирање на надлежностите на единиците на локалната самоуправа, согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Буџетските корисници кои имаат активности што се пренесуваат на локално ниво, согласно членовите 8, 10, 11, 12 и 13 од овој закон потребно е по идентификувањето на истите, максималните утврдени износи на расходи за оваа намена да ги распределат согласно законски утврдените критериуми.

Надлежните министерства ги утврдуваат износите на наменските и блок дотациите согласно уредбите за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на наменските и блок дотациите за соодветната област која е пренесена на локално ниво.

Буџетските корисници кои што пренеле надлежности на општините потребно е вкупниот износ на наменските и блок дотациите за пренесените надлежности да ги прикажат по општини со пополнување на Образец Г1.

Напоменуваме дека средствата наменети за пренесените и делегираните надлежности кои ќе се трансферираат на локално ниво се веќе планирани во рамките на максималните утврдени износи на расходи.

## ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

### Програмска класификација

Програмската класификација претставува структура на шифри за класифицирање на програмите и потпрограмите утврдени со буџетот. Програмата е збир од поврзани сродни активности и проекти насочени кон остварување на заедничка цел или цели, додека потпрограмата е активност или проект кој е составен дел од програмата.

При подготовка на буџетските барања за 2017 година буџетските корисници се обврзани да го користат истиот начин на прикажување на своите активности преку буџетски и владини програми, како и во претходните години, односно владините програми се обележуваат со буква, а буџетските програми со цифра. Развојните потпрограми кои се составен дел на владините програми се обележуваат со две букви, додека развојните потпрограми кои се составен дел на буџетските програми се обележуваат со цифра и буква.

Доколку дојде до промена на основот заради кој се идентификувани буџетските, односно владините програми или пак е исполнета целта заради која биле воведени, истите може да се менуваат, дополнуваат или укинуваат. Буџетските корисници, врз основа на свои согледувања имаат отворена можност да ги менуваат или укинуваат постојните програми/потпрограми, односно да предлагаат нови.

## Индикатори

Со Буџетскиот циркулар за 2017 година се продолжува со утврдувањето на посебни индикатори за остварување за секоја одделна програма, преку кои ќе се овозможи мерење на резултатите од реализацијата на програмите, како и оправданоста на алоцираните средства во истите.

Индикаторите треба да се фокусираат на клучните активности на програмата и би требало да ја мерат нејзината најважна активност. Важно е да се напомене дека индикаторите на остварување не се развиваат за да известуваат за секоја активност која што се извршува со програмата, туку да се фокусираат на најважните цели кои се постигнуваат со програмата, нивната поврзаност со стратешкиот план и како се трошат средствата од програмата.

Министерството за финансии укажува дека буџетските корисници со буџетското барање за 2017 година задолжително треба да утврдат само аутпут индикатор за секоја буџетска програма и развојна потпрограма. За избраната програма за родова анализа индикаторите задолжително да бидат полово разделени.

**Прилог 1**

## ПРЕДЛОГ ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

| Програма | Потпрограма | Назив |
|---|---|---|
| **А** | | **Децентрализација** |
| | А0 | Децентрализација |
| | А2 | Пренесување на надлежности на ЕЛС |
| **Б** | | **Мерки за намалување на сиромаштијата** |
| | БА | Поттикнување на вработувањето |
| **В** | | **Унапредување на одбраната и безбедноста** |
| | ВА | Интеграција во НАТО |
| **Г** | | **Јакнење на владеењето на правото** |
| | Г1 | Борба против корупција и организиран криминал |
| | Г2 | Борба против трговија со луѓе и илегална миграција |
| | ГА | Реформа на судството |
| **Д** | | **Економски развој** |
| | Д4 | Економска промоција |
| | Д5 | Привлекување на странски директни инвестиции и развој на слободната економска зона |
| | Д6 | Поддршка на инвестициони вложувања |
| | Д7 | Унапредување на деловните активности |
| | Д8 | Унапредување на локална и регионална конкурентност во областа на туризмот |
| | ДА | Инвестиции во железничката инфрастуктура |
| | ДВ | Технолошки индустиски развојни зони |
| | ДГ | Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија |
| **К** | | **Реформа на јавната администрација** |
| | К2 | Стручно оспособување и усовршување |
| | К5 | Соодветна и правична застапеност на заедниците |
| **М** | | **Интеграција во ЕУ** |
| | МА | Помош при транзиција и институционална надградба |
| | МБ | Прекугранична соработка |
| | МВ | Регионален развој |

| | | |
|---|---|---|
| | МГ | Развој на човечки ресурси |
| | МД | Рурален развој |
| | МЕ | Инструмент за претпристапна помош - ИПА2 |
| **Н** | | **Информациски и комуникациски технологии** |
| | НА | Развој и имплементација на ИКТ |
| **О** | | **Регионален развој** |
| | ОА | Рамномерен регионален развој |
| **С** | | **Унапредување на животната средина** |
| | С1 | Унапредување на животната средина |
| **Т** | | **Инвестиции во образованието** |
| | ТА | Изградба на основни училишта |
| | ТБ | Реконструкција на основни училишта |
| | ТВ | Изградба на училишни спортски сали во основни училишта |
| | ТГ | Изградба на средни училишта |
| | ТД | Реконструкција на средни училишта |
| | ТЕ | Изградба на училишни спортски сали во средни училишта |
| | ТИ | Реконструкција на ученички домови |
| | ТК | Изградба и реконструкција на студентски домови |

Образец А1

# ПОДАТОЦИ ЗА БУЏЕТСКИОТ КОРИСНИК

Буџетски корисник:____________________ Раздел:_____________ РКБ: _______

Адреса: _____________________________________________

Контакт лице: _______________________________________

Број на телефон: _____________________

Email: _________________________________ Website: _____________________

Опис и главни функции на буџетскиот корисник (не повеќе од 8 реда)

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

Постигнати резултати во 2016 година

- 
- 
- 

Приоритети и цели за 2017 година

- 
- 
- 

Стратешки приоритети утврдени во Стратешкиот план (Ве молиме да приложите копија од Стратешкиот план)

- 
- 
- 

Образец А2

# ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА БУЏЕТСКИТЕ ПРОГРАМИ КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Име на буџетската програма: ____________________________

Број на буџетска програма: ____________________________

Краток опис на буџетската програма: ____________________________
____________________________________________
____________________________________________
____________________________________________

Предложени индикатори на остварување или мерки за вреднување на резултатите во 2017 година:

Аутпут индикатор:

Дефиниција на индикаторот:

Објаснување/Важност:

Пресметка:

Аутпут индикаторот по одделни години:

| 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| --- | --- | --- | --- |

**Образец А3**

## ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛАДИНИТЕ ПРОГРАМИ КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

**Буџетски корисник:**

**Име на владина програма**

**Бр. на програма**

**Краток опис на владината програма (детално опишете како активностите опфатени со владината програма ќе го исполнат владиниот приоритет и резимирајте го очекуваното влијание врз економијата, вработувањето, животната околина, итн.)**

**Кој од приоритетните цели за остварување на стратешките приоритети на Владата за 2017 година ги поддржува оваа владина програма?**

**Обележете го со "X" соодветното квадратче.**

- [ ] Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и поквалитетен живот
- [ ] Интеграција во НАТО и ЕУ
- [ ] Борба против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото
- [ ] Одржување добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и подеднаков третман на сите пред законот
- [ ] Инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање општество базирано на знаење

**Постигнати резултати во 2016 година:**

**Образец Б 1**

## Проекција на приходи и расходи за 2017 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска/владина програма | | Ознака на буџетска/владина програма | |
| Име на буџетска/владина/развојна потпрограма | | Ознака на буџетска/владина/развојна потпрограма | |

| Приходна потставка | Опис | ПРОЕКЦИЈА ЗА 2017 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Приходи од органи (631) | Приходи од самофинансирачки активности (787/788) | Приходи од донации (785) | Приходи од заеми (786) |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно приходи со пренесено салдо од тековната година | | | | | |

| | |
|---|---|
| Детално образложение за основот по кој се остваруваат приходите | |

* Планираниот износ на пренесеното салдо од тековната година да биде вклучен во приходната табела на соодветното приходно конто (741114).

| Расходна ставка | Опис | ПРОЕКЦИЈА ЗА 2017 ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет (637) | Расходи од приходи од органи (631) | Расходи од самофинансирачки активности (787/788) | Расходи од донации (785) | Расходи од заеми (786) |
| | **Расходи** | | | | | |
| | Вкупно расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **40** | **Плати и надоместоци** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401 | Основни плати | | | | | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | | | | | |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | | | |
| 404 | Надоместоци | | | | | |
